*д-р Даринка ПЕТРЕСКА*

# ДЕЈНОСТА НА ПЕТРЕ ПИРУЗЕ МАЈСКИ ПО ЗАМИНУВАЊЕТО НА ГШ И ЕДИНИЦИТЕ НА НОВМ ОД ДЕБАРЦА ДО ВРАЌАЊЕТО НА ПРВАТА МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА УДАРНА БРИГАДА (ДЕКЕМВРИ 1943 - МАЈ 1944 ГОДИНА)

По силните офанзивни настапувања на германските и балистичките воени формации во почетокот на декември 1943 год. против единиците на Народноослободителната војска на Македонија во Дебарско, Кичевско и Дебарца за заземање на слободната територија во Копачка и Дебарца, Главниот штаб на НОВМ и ПОМ и ЦК на КПМ на одржаното советување во с. Слатино на 5.12.1944 год., донеле одлука привремено да се напуштат овие краеви и да се префрли тежиштето на борбата во други делови на Македонија. Истата вечер военото и политичкото раководство на Македонија, Првата македонско-косовска ударна бригада и баталјонот "Стив Наумов" заминале од слободната територија во Западна Македонија во правец на планината Галичица кон егејскиот дел на Македонија[1], а во Дебарца биле оставени мал број воени сили и партиско-политички активисти.

Во една ваква ситуација понатамошното дејствување на овој простор на оставените партизански сили, како и нивната реорганизација и прилагодување на условите по губењето на слободната територија, одржувањето и работата на партиските организации и органите на народната власт требало да придонесат да опстои Народноослободителното движење во Дебарца, Малесија, Копачка и пошироко. Со цел да се надминат тешкотиите околу продолжувањето и работата на споменатите организации и тела и да се заштити колку е можно повеќе населението од теророт на германско-балистичките сили во Дебарца, Малесија и Дримкол, како и да се разјаснуваат целите на пропагандата на бугарскиот окупатор дека во една ваква ситуација само тој е во ситуација да му помогне на македонскиот народ во овие краеви, биле

[1] Михаило Апостолски, Ослободителна војна на Македонија, Скопје 1974, 118-119.

оставени дел од партиските и скоевските активисти, членови на воено-заднинските органи и органите на власта и борци од одредите и баталјоните кои до тогаш дејствувале на просторот на Втората и на дел од Првата оперативна зона.[2] Меѓу нив била и една група партиски и воени раководители: Петре Пирузе Мајски - член на ГШ на НОВМ и ПОМ и командант на Втората оперативна зона,[3] Благоја Талески - секретар на Вториот областен комитет на КПМ, Трајче Грујоски - член на истиот комитет и секретар на Вториот областен комитет на СКОЈ, Ратка Крстевска - член на Вториот областен комитет на КПМ, Александар Крстески Јулски - член на Вториот областен комитет на СКОЈ и во тоа време поставен за секретар на Околискиот комитет на КПМ за Охридско - Струшка околија, Ѓоко Тапанџиоски - член на Вториот областен комитет на СКОЈ, Танаско Трајкоски - командант на место во Издеглавје и др. Благоја Талески и Трајче Грујоски во средината на декември 1943 год. заминале преку Преспа во Битола, каде според упатствата на ЦК КПМ требало да се соберат членовите на целиот областен комитет.[4]

Петре Пирузе Мајски уште пред заминувањето на военото и политичкото раководство на НОД од Дебарца во крајот на ноември бил предложен и за делегат од Македонија на Второто заседание на АВНОЈ и за член на неговиот Президиум.[5]

---

[2] Јаким Синадиновски, Формирањето на партизанскиот одред "Јане Сандански" и неговата активност во зимските и пролетните месеци 1943/1944 година на Караорман и Дебарца, сп. Историја, XXI/2 Скопје 1985, 208/209.

[3] Петре Сотиров Пирузе-Мајски е роден во Охрид во 1907 год. Завршил правен факултет во Белград. Во годините пред Втората светска војна работел како адвокатски приправник во Охрид. Учествувал во некои активности против српскиот режим во Македонија. За време на последните парламентарни избори во Кралството Југославија во 1938 год. агитирал за Земјоделска партија, односно за граѓанската опозиција во Охрид. Во 1939/1940 год. соработувал со: Мите Богоевски, Стив Наумов, Рампо Левката, Кирил Миљовски и др. Во април 1941 год. Петре Пирузе бил примен за член на КПЈ. Во септември истата година е избран за секретар на Месниот комитет на Охрид и наименуван за воен раководител на тоа подрачје. По провалата која станала во Охридската организација тој од крајот на 1941 год. преминал во илегалност во Охридско. Најмногу престојувал во селата на Дебарца и работел на опфаќање на населението во НОД. Учествувал најактивно во формирање на партиски организации и ќелии и подготвувал терен за формирање на партизански одреди. Како резултат на таа негова активност по формирањето на воено-оперативните зони во 1943 год. е поставен за командант на Втората оперативна зона. По создавањето на слободната територија со центар во Дебарца Мајски бил вклучен во сите воено-политички активности, особено придонел за формирање на народно-ослободителните комитети и командите на места. Како член на ГШ го потпишува и Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ од почетокот на октомври 1943 год. Исто така како член на ГШ и командант на Втората оперативна зона учествувал во формирањето на Првата македонско-косовска ударна бригада.

[4] Извори за ослободителната војна и Револуција во Македонија 1941-1945, том I, кн. трета, Скопје 1970, 54.

[5] За ова сведочат телеграмите од Светозар Вукмановиќ-Темпо од 30.XI и 11.XII 1943 год. Истите се објавени од Slobodan Nešović, Branko Petranović, AVNOJ i Revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945, Beograd 1983, 466, 457.

При неговото оставање во Дебарца тој бил посебно определен за работа по воена линија, односно задолжен за одржување на континуитетот на воената организација во Дебарца и Струшко.[6] Согласно со тоа од декември 1943 год. до почетокот на мај 1944 год., најактивно бил ангажиран во исполнување на повеќе задачи и задолженија. Меѓу нив биле: собирање на останатите борци од баталјоните "Малесија" и "Копачка" и одредот "Славеј" формирање на нов одред "Јане Сандански", организирано засолнување на оружјето, муницијата, санитетскиот материјал, резерви од прехранбени продукти, грижа за ранетите и болните борци, воспоставување и одржување на врски, јавки, канали со селата во Дебарца, Малесија, Дримкол, со Охрид и Струга, со Првата оперативна зона и Првиот обласген комитет и со ГШ на НОВ и ПОМ, обезбедување на луѓе за курири и партизански патроли, засолнување на печатницата "Гоце Делчев", обезбедување на престојот на двајцата членови на сојузничката мисија кои биле оставени кај него во Дебарца, прифаќање и грижа за тројца членови на бугарската делегација која патувала од Врховниот штаб на Народноослободителната војска на Југославија (НОВЈ) преку Македонија за Бугарија, прифаќање на една поголема група борци од Првата македонско-косовска ударна бригада, која се одделила од главнината во време на Богомилскиот поход и се префрлила во Дебарца и др.

Петре Пирузе Мајски не бил случајно оставен со другите раководители и борци во Дебарца. Тој најмногу ја познавал положбата во Дебарца и Струшко. Во Дебарца се наоѓал како илегален партиски работник уште од есента 1941 год. Со неговите секојдневни контакти со населението до пролетта 1943 год. со неговото директно учество како борец во воените единици од 1-ви мај 1943 год., со големата ангажираност во изградувањето на воената организација во Втората оперативна зона, со изборот за член на ГШ на НОВ и ПОМ, со неговото учество во општествено-политичкиот живот на слободната територија од септември до почетокот на декември 1943 год.[7], Пирузе стекнал голем авторитет меѓу населението во Дебарца и пошироко. Народот го сакал, го ценел, го почитувал и го опеал уште тогаш во своите борбени македонски песни, како омилен народен борец за слобода. Тој можел да помогне најдирекгно и со неговото присуство и со неговото дотогашно искуство, да се потисне стравот и разочарувањето, да се подигне мо-

---

[6] Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, том VII, књ. 2 Београд 1952, 286; Извори за ослободителната војна и Револуција во Македонија..., цит., кн. трета, 97; Извори за ослободителната војна и Револуција во Македонија, том I. кн. четврта, Скопје 1975, 137-139.

[7] Петре Пирузе - Мајски, Охридско во НОБ, Зборник - Слободните територии во Македонија 1943, Скопје 1975, 446-458.

ралот и борбениот дух на населението и на борците, да се залечат раните на окрвавената и опожарената Дебарца, да се создадат услови за повторно разгорување на народноослободителната борба. Тоа за Петре Пирузе - Мајски била голема одговорност и должност.

Условите за илегална работа биле многу тешки. По германско-балистичката офанзива и реокупацијата на слободната територија, настапил период на масовен терор врз населението на Дебарца, Копачка, Малесија. Биле опожарени и ограбени повеќе села од Дебарца: Турје, Мраморец, Сливово, Арбиново, Белчишта, Годивје, Лактиње, Слатино и др.[8] Германците ги контролирале главните комуникации и настојувале да најдат соработници за формирање на милиција, месна самозаштита, делеле оружје на селаните за заштита од балистите, но и за борба против партизаните.[9] Бугарскиот окупатор од исток правел напори да го прошири контрачетништвото и во Дебарца. Албанските националистички и квинслишки елементи ја засилиле пропагандата сред албанското население во Струшко.

Сепак најтежок бил првиот период, од почетокот на декември 1943 год. до крајот на јануари 1944 год., кога убиствата, силувањата, опожарувањата, грабежот на добитокот и покуќнината од страна на Германците и балистите биле најинтензивни, а македонскиот народ од селата на Дебарца и Малесија бегал на Караорман и Славеј и на територијата под бугарска окупација. Биле правени блокади и претреси за пронаоѓање на партизани, магацини и скривници со оружје, муниција и храна. Населението било заплашувано да не прифаќа и чува партизани. Овие мерки имале одредено влијание на населението, но и на некои членови на НОО, на членови на поранешните воено - заднински органи, па дури и на одделни членови на Партијата и СКОЈ.

За овие вонредно неповолни услови за работа самиот Мајски уште на 1.IV.1944 год. во опширното писмо до Добривое Радосављевиќ пишувал: "Во моментот на офанзивата, а и после тоа имаше многу не-

---

[8] Архив на Македонија, (во понатамошниот текст АМ), Скопје, фонд НОБ, кутија 17, арх. бр. 1254,4-5; Галена Куцуловска, Теророт на окупаторите во Дебарца и Копачка во 1943 година, зборник, Слободните територии..., цит., 339-340; Божин Коста Стефаноски, Развојот и дејствувањето на реонското партиско поверенство на КПМ за Долна Дебарца, зборник, Охридско-Струшко во НОВ 1941-1945, кн. втора, Струга 1990, 32; Цоле Ѓорев Јовановски, Селото Турје во НОБ пред и по 1941, зборник, Охридско-Струшко..., цит. кн. трета 259.

[9] АМ, ф. НОБ, к. 29, арх. бр. 5054; Боро Митроски, Некои аспекти на германската политика на Балканот и нејзиниот одраз на задушувањето на НОД во Западна Македонија 1943 година, зборник, Слободните територии..., цит., 118, 120-123; Божин К. Стефаноски, Развојот на Народноослободителното движење... цит., 33; Реконструкција за работата на партиската организација за подготвување на монографијата Охрид и Охридско од мај 1970, кн. II, 292; Трајан Јанкулоски, Формирање и развој на органите на НОК и НОО во Дебарца, зборник, Охридско-Струшко..., цит. кн. трета, 42, 43.

пријателски сили на овој терен, но војската беше несигурна и составена од разни народности. Особено имаше многу Италијани. Така во Цр. Вода дошле преку 800 луѓе со добиток. Пљачкале, пиеле и уништувале сé што ќе им дошло до рака. Така Црвена Вода, Песочани, Лактиње и Сливово (покрај тоа што има над 40 куќи изгорени) потполно се опљачкани. Турје и Мраморец исто така. Во овие две села има убиено околу 12 селани. Покрај тоа во селата Мраморец и Годивје има силувани жени и девојки. Во Врбјани, Мефаиловци исто така убиле тројца. Покрај тоа кај народот завладеа силен страв и кривицата во прво време е фрлена на партизаните".[10]

Во првите денови на германско-балистичката офанзива, дел од борците на баталјоните "Копачка" и "Малесија" и на одредот "Славеј" заминале по своите домови. Врските меѓу одделни партиски раководители и членови на теренот биле прекинати.[11] Исто така биле отежнати врските на истите со Мајски и со базата на Караорман. Сé до средината на јануари 1944 год. не постоела редовна врска со Вториот обласен комитет на КПМ во Битола, со ЦК КПМ и со ГШ на НОВ и ПОМ.[12]

Во разговорите на Благоја Талески со Петре Пирузе-Мајски во првите денови по офанзивата било договорено во почетокот Мајски да ги собере борците, кои останале на овој терен да формира одред, кој ќе развива повеќе политичка активност, а со тек на времето кога ќе се создадат поволни услови да се формираат и други одреди и баталјони. [13] Токму затоа и една од првите задачи на Мајски, како одговорен раководител по воена линија, било прибирањето на здравите борци и згрижувањето на болните и ранетите партизани и партизанки.

Два до три дена по офанзивата, кај Мајски на Караорман веќе била собрана група од 25 луѓе.[14] Оние ранети и тешко болни партизани кои не можеле да бидат префрлени во базата, биле распоредени со помош на: здравите борци од одредот, патролите, партиските и скоевските активисти и членови на народноослободителните комитети во иле-

---

[10] АМ. ф. НОБ, к. 17, арх. бр. 1254.

[11] АМ, ф. НОБ, к. 17, арх. бр. 1954, к. 29 арх. бр. 3379, арх. бр. 1901; Реконструкција за работата на партиската организација за подготвување на монографијата Охрид и Охридско, цит. 257.

[12] Светозар Наумовски, Прилог кон проучувањето на револуционерната дејност на Вториот обласен комитет на КПМ на теренот на Струшката партиска организација и врските меѓу Битола и Струга во НОВ во периодот од декември 1943 до Првото заседание на АСНОМ, зборник, Битола и Битолско во НОВ 1943-1944, Битола 1982, 133-134.

[13] Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија..., кн. четврта, цит. 137-138; Танаско Трајкоски, Формирањето на Командата на место на Првата слободна територија-Дебарца со седиште во село Издеглавје, Охридско, зборник, Охридско-Струшко во НОВ..., кн. втора, цит., 214.

[14] АМ, ф. НОБ, к. 17, арх. бр. 1254.

гални станови и скривници во повеќе села на Дебарца и Малесија.[15] Меѓутоа грижата за нивното лечење била постојана, иста како и за оние ранети и болни борци сместени во базата на Караорман. Мајски, останувајќи доследен на својот алтуризам и ценејќи го човечкиот живот над сѐ, вложувал големи напори ранетите и болните борци да бидат снабдени со доволно храна, со лекови и со стручна медицинска помош. Болничарот, Италијанецот Батолини, кој се наоѓал во базата на Караорман кај Мајски, бил постојано ангажиран околу оние ранети и болни во базата, но бил испраќан и по потреба да ги посетува и лекува оние кои останале во селата на Дебарца и Малесија.[16]

Потребните лекови и санитарниот материјал биле набавувани на повеќе начини. Мајски добивал одредени средства за купување на лекови од двајцата членови на сојузничката мисија. Борци од базата на Караорман илегално оделе во Струга и таму со помош на илегалните партиски активисти Александар Крстески и Ратка Крстеска купувале лекови. Лекови биле собирани и од симпатизери на НОД во Охрид и Струга и преку каналите на Партиската организација и преку партизанските патроли биле испраќани кај Мајски. Меѓутоа Мајски потпирајќи се на својот авторитет и доверба кај луѓето и лично се обраќал преку писма до симпатизери на НОД за лекови и санитетски материјал. Истовремено ваквите прилики ги користел и за поттикнување на патриотското чувство и должноста на секој Македонец да придонесе за ослободителното дело на својот народ. Мошне е впечатливо обраќањето на Мајски до аптекарот Боро Николски во Струга за да му ги испрати бараните лекови доброволно или со пари, како што ќе одлучи самиот. Писмото е од 21 април 1944 год., и е насловено со "Драги Г.Боро". Откако ја објаснува суштината на Народноослобидителната борба на македонскиот народ, а која се состои во извојување на својата слобода и добивање свое вистинско место во утрешна слободна демократска и федеративна Југославија. Мајски продолжува:

"Рековме погоре да оваа борба има упорит карактер усред това што е помагана од народот. Према това, дулжност е на секој еден поштен и чесен човек, сестрано да ја помогнет народноослободителната борба.

---

[15] Божин К.Стефаноски, Развојот на НОД..., цит. 21-22; Александар Цветкоски, Владо Павлоски, Малесија во НОВ и Социјалистичката револуција 1941-1945, зборник, Охридско-Струшко..., кн. втора, цит. 151; Владо Митески, Во одбрана на слободната територија и животот на неа, зборник Охридско-Струшко..., кн. втора, цит. 122; Јаким Синадиноски, Формирањето на партизанскиот одред "Јане Сандански"..., цит., 214.

[16] Киро Путински, Партизанските болници во Охридско-струшкиот регион 1943-1944, зборник, Охридско-Струшко во НОВ.., кн. трета, цит., 150-151.

Ти си е Г.Боро и досега помагал нашата народноослободителна борба. Не си изостанал со това назад... Овие лекови, драги Г.Боро ќе ги испратиш по човекот што го носит писмово при тебе. За испратените како и за тија што ќе ги испратиш, унапред Ти благодарам од името на нашето движење. Ако пак сметаш дека доволно си помагал во народноослободителната борба, тогаш Те молам заедно со испратените лекови испрати ми рачун, да Ти испратам пари".[17]

Мајски се потпишал со додавање на неговата највисока функција во НОВ, со член на ГШ на НОВМ и ПОМ. Содржината на писмото, стилот, начинот на обраќањето до господинот Боро, благодарноста изразена со многу учтивост и почит кон човекот од кого се очекува и понатаму помош, зборуваат за интелектуалното ниво на Мајски и за неговата широка култура.

Тоа негово ангажирање околу ранетите продолжило и по враќањето на баталјоните од Првата македонско-косовска бригада во почетокот на мај 1944 год., за сместувување на ранетите од новите борби.[18]

Во средината на декември 1943 год., Мајски исполнувајќи ги преземените обврски за собирање и реорганизација на партизанските сили како член на ГШ на НОВМ и ПОМ го формирал одредот "Јане Сандански". Во овој одред влегле останатите борци на баталјоните "Копачка" и "Малесија" и од одредот "Славеј" како и членови на Командата на место, курири на ГШ и на Втората оперативна зона и др. [19] Штабот на одредот го сочинувале: Атанас (Танаско) Трајковски-Левски од село Сливово - командант, Јаким Синадиновски од Гостивар-политички комесар, Левче Стефановски - Тарзан од Карбуница (Кичевско) - заменик на командантот и Божин Стефановски од Белчишта (Охридско) - заменик на политичкиот комесар. Бројот на борците во него не бил постојанен. Во првите два месеца одредот броел од 16 до 30 партизани и партизанки, а во март и април 1944 год. постојано имало прилив на нови борци. Главната база на одредот била на Караорман, но групи, патроли и борци на одредот се движеле низ целиот регион на Дебарца, Копачка, Дримкол и во Гостиварско и Кичевско. Со нив често се движел и Петре

[17] АМ, ф. НОБ, к. 36, арх. бр. 8614 (Писмото од Мајски до Г.Боро е пишувано на македонски јазик).

[18] Младен Богданоски, Партизанската болница на ГШ на НОВ и ПОМ на Караорман, зборник, Охридско-Струшко во НОВ..., кн. втора, цит., 169-170.

[19] Ј.Синадиноски, Формирањето на партизанскиот одред "Јане Сандански"..., цит., 209; Стојмир Размоски, Младината од Средна Дебарца во Народноослободителната војна, зборник, Охридско-Струшко во НОВ.., кн. трета, цит., 150-151.

Пирузе - Мајски.[20] Борците на одредот се поврзувале со членовите на народноослобидителните комитети, партиските и скоевските работници по селата, соработувале заедно на теренот за одржување на политичкото влијание сред масите, собирале храна и други потреби за одредот, обезбедувале илегални куќи и скривници, го подготвувале населението за повторно разгорување на оружената борба предвидена за пролетта 1944 год. и сл. Имале успешна соработка со Ѓоко Тапанџиоски, задннински работник на СКОЈ, кој најголемиот дел од времето го минувал на терен во Дебарца, Мешеишта, Дримкол, Малесија и др. Контакти и извесна соработка имале и со Александар Крстевски и Ратка Крстевска, кои повеќе време, особено во првите месеци се наоѓале во илегалност во градот Струга. Во одредот "Јане Сандански" постоела и партиска организација, која активно работела на издигнувањето на партиско - политичкото ниво на членовите на КПМ.[21]

Во март 1944 година штабот на одредот "Јане Сандански" упатил "Проглас до населението на Преспа, Дебарца, Копачијата, Дримкол и работници, селани и селанки", во кој се разобличуваат: фашистичките окупатори, се изнесуваат успесите на Црвената Армија и на НОВМ и ПОМ и се повикуваат работниците, селаните и селанките да влезат во борбата против фашистичките окупатори и домашните предавници.[22]

Со оглед на тоа што оружјето и муницијата што биле засолнати во скривниците и во поедини куќи во селата не биле доволни за наоружување на борците во одредот кои во март 1944 год. почнале да пристигнуваат во групи и поединечно, а се очекувало поголем прилив и од поодалечени краеви во наредниот период, Мајски во писмото од 1.IV.1944 год. до Д.Радосављевиќ, бара оружје и муниција преку англискиот мајор од сојузничката мисија, кој се наоѓал во ГШ на НОВМ, за нивно наоружување и преземање на поголеми борбени акции.[23]

Одредот "Јане Сандански" бил малуброен, дел од борците биле ранети и болни. Во првите месеци поради лошите временски услови и засилениот терор од непријателот тешко можел да извршува било какви борбени акции, но неговото присуство и движењето на борците во групи и патроли по селата, имале забележителна улога на расположението на масите. Чувството дека не се оставени сами, дека со нив останале дел од борците, дека на Караорман е Петре Пирузе им вле-

[20] АМ, ф. НОБ, к.17, арх. бр. 1254; Институт за национална историја (ИНИ), Скопје, Одделение за документација, Стенографски белешки за работата на партиската организација во Охрид и Охридско пред и во тек на Втората светска војна, 1956 год., кн. II, 316, 317 (Изјава на Благој Војдан); Павле Попоски, Сеќавања за НОБ во Дебарца, зборник Охридско-Струшко во НОВ.., кн. втора, цит. 308.

[21] АМ. ф. НОБ, к. 29, арх. бр. 5058.

[22] АМ. ф. НОБ, к. 50, арх. бр., 1459.

[23] АМ, ф. НОБ, к. 17, арх. бр. 1254.

вало надеж дека повторно ќе се разгори борбата и ќе дојде победоносниот крај и слободата.

Меѓу позначајните задолженија на Мајски во зимските месеци на 1944 год. во Дебарца, било и прифаќањето на трочлената бугарска мисија во состав: Благој Иванов, Павел Црвуланов и Иван Пејчев.[24] Истите биле испратени од Москва преку ВШ на НОВЈ до раководството на Антифашистичката борба во Бугарија. На тој пат требало да поминат и преку Македонија и со помош на ГШ на НОВМ и делегатот на ВШ на НОВЈ Светозар Вукмановиќ - Темпо да бидат префрлени во Бугарија. Оваа делегација придружена од една поголема партизанска патрола на чело со Мита Гилиќ тешко се движела на патот од градот Јајце во Босна до Македонија. Особено проблеми имала на патот од Андреевица во Црна Гора од 14.XI.1943 год. до пристигнувањето во базата на Караорман, кај членот на ГШ на НОВМ Петре Пирузе Мајски во средината на јануари 1944 год. Ова долго патување поради офанзивните операции на непријателските сили на Косово, Албанија и Западна Македонија, било причина оваа група да не се поврзе со ГШ на НОВМ и ПОМ додека тој се уште се наоѓал на слободната територија во Дебарца. Поради германско-балистичката офанзива истата преку радио врска била упатена во правец на базата на Караорман кај Мајски.[25] Со поголеми застои бугарската делегација и партизанската патрола што ја спроведувала делегацијата бавно се движела преку Ѓаковичка Митровица, Љума и Пешкопеја. Дури во почетокот на јануари 1944 год. се поврзале со Дебарската партиска организација. Љутви Руси и двајца дебарски комунисти ја допратиле делегацијата во базата над селото Црвена Вода кај Мајски, во средината на јануари 1944 год.[26]

Меѓутоа во време на пристигнувањето во базата на Караорман врските со ГШ на НОВМ веќе биле прекинати. Радиостаницата, што ја носеле со себе членовите на бугарската делегација, не можела да се употреби. Временските услови исто така влијаеле на бавното воспоставување на врските преку патроли, движењето во лошите зимски услови било отежнато и опасно. Во вакви околности трочлената бугарска делегација останала кај Мајски сé до крајот на март 1944 год. За време на двоипол месечниот престој на членовите на споменатата делегација во базата на Караорман, Мајски ги вложил сите свои усилби тие да бидат безбедни. Мајски како искусен илегален работник и приврзаник на беспрекорната конспирација, внимавал многу на обезбедувањето на

---

[24] Јосип Броз Тито, Собрани дела, кн. 17, Скопје 1983, 505, 554, 574.

[25] Тодор Симовски, Доаѓањето на Бугарската мисија при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во септември 1943 година и меѓународните импликации, сп. Гласник на Институтот за национална историја, Скопје год. XXVII, бр. 3, 55.

[26] Исто.

базите и скривниците на Караорман и Славеј. Само така може да се разбере остриот приговор направен од страна на Мајски на групата која ја спроведувала бугарската делегација поради видливите траги што ги оставила истата во снегот при нивното доаѓање во базата. Меѓутоа тогашниот секретар на Околискиот комитет Александар Крстески-Јулски, тоа го претставил пред повисоките партиски органи како голема грешка на Пирузе.[27]

Мајски се сметал лично одговорен за членовите на бугарската делегација, кои требало безбедно да ги спроведе до ГШ на НОВМ и затоа ангажирал посебен курир (кога условите дозволиле да може да се движи), во средината на февруари 1944 год. и му ставил во задача да ја пренесе веста за пристигнувањето и престојот на бугарската делегација до Вториот обласен комитет и од таму до ЦК на КПМ, ГШ на НОВМ и делегатот на ВШ Св. Вукмановиќ-Темпо. Во исто време барал од споменатите раководства да преземат соодветни мерки за безбедно префрлување на истата делегација од базата на Караорман во ГШ на НОВМ .[28] Патролата на чело со Ќемал Сејфула-Орак упатена од ГШ,[29] преку Преспа и Дебарца стасала во базата кај Мајски во втората половина на март 1944 год. и од таму успешно се вратила во ГШ на НОВМ заедно со споменатата бугарска делегација. Раководните личности на Партијата во Дебарца и Струга знаеле за пристигнувањето и престојот на споменатата делегација кај Мајски, но останува да констатираме дека лично Мајски одговарал за нејзиниот престој и за нејзината безбедност од пристигнувањето до заминувањето од Дебарца.

Преминот на отцепениот дел од Првата македонско - косовска ударна бригада во Дебарца во средината на февруари 1944 год., прифаќањето на борците во селата, нивното безбедно движење, префрлување и поврзување со Мајски и со штабот на одредот "Јане Сандански" претставува сведоштво за тоа како била организирана и координирана работата на народноослободителните комитети и на другите активисти и симпатизери на НОБ во Дебарца, како функционирале врските, како биле прифаќани и снабдувани борците во најтешките моменти во зимата 1943 - 1944 год. Во конкретниот случај станува зобр за дел од борците на Првата македонско - косовска ударна бригада кој во време на Богомилскиот поход во борбите со бугарските окупаторски сили меѓу селата Никодин и Горно Радобил на 10 февруари 1944 год., дејствувајќи како заштиница се одвоил од главнината на бригадата и пре-

[27] АМ. ф. НОБ, к. 29, арх. бр. 5058.

[28] Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија..., кн. четврта, цит., 229,232, 233, 239.

[29] Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, том VII, кн. 3, Београд 1954, 115.

ку Прилепско, Бродско, Горно Демирхисарско и Кичевско пристигнал во Дебарца на 18 февруари 1944 год. Од оваа група која броела 84 борци, која на својот пат до Дебарца имала поголеми судири со бугарските окупаторски сили, во Дебарца пристигнале само половина од борците.[30]

Во оваа група имало борци од овој крај и партизани од другите краеви кои во време на создавањето и одбраната на слободната територија во претходната 1943 год. се наоѓале на овој простор како што биле Стојмир Јордановски-Мирче, знаменосецот на бригадата и Павле Браевиќ, командант на групата и други борци, кои можеле без поголеми тешкотии бидејќи го познавале теренот и луѓето да се поврзат со активистите на народноослободителните комитети во селата на Дебарца и преку курири и партизански патроли да воспостават врска со базата на одредот "Јане Сандански" и со членот на ГШ на НОВМ, Петре Пирузе-Мајски. Благодарение на добрата организација, за која голема заслуга имал Мајски овие борци биле прифатени, нахранети, снабдени со облека, чувани во базата и во одредени куќи по селата се до нивното заминување од оваа територија. Една група од нив заминала во Гостиварско, а другата група со помош на курири и патроли во средината на април 1944 год. се вратила во Првата македонско-косовска ударна бригада.[31] Веста за престојот на овој дел од бригадата се проширила меѓу населнието на Дебарца и имала позитивно влијание врз расположението. Кај луѓето од Дебарца се враќала надежта дека е близу моментот кога ќе се разгори повторно борбата за конечно ослободување и за остварување на вековниот идеал - создавање на своја македонска држава.

Од средината на март 1944 год. станала се позабележителна и работата на членовите на Партиската организација во Дебарца. Со директно учество на секретарот на околискиот комитет, Александар Крстески-Јулски биле одржани состаноци и конференции со поранешните членови на реонските комитети за Долна, Средна и Горна Дебарца и биле конкретизирани задачите на истите комитети.[32] Притоа споменатиот секретар се судрил со одредени проблеми на теренот, се појавиле тешкотии околу повторното активирање на дел од поранешните членови на реонските комитети и околу нивното ангажирање за исполнување исклучиво само на партиски задачи. Дел од нив најактивно веќе биле вклучени во работата по воена линија, биле поврзани со Петре Пирузе Мајски и исполнувале задачи кои произлегувале од грижата

[30] Исто, 43, 70-72.

[31] Реконструкција за работата на партиската организација за монографија Охрид и Охридско, цит., 194; Целе Ѓ.Јованоски, Селото Турје во НОБ.., зборник, Охридско-Струшко во НОВ..., кн. трета, цит., 261.

[32] АМ, ф. НОБ, к. 29, арх. бр. 5055, 5056, 5057.

за опстојувањето на одредот "Јане Сандански". Впрочем тоа било сосема природно. Тешко можело да се најде поединец, па и цело семејство од Дебарца, кои би ја одбиле соработката со Мајски, најмалку тоа би го сториле партиските активисти кои биле негови идејни сомисленици и повеќето од нив учесници во НОД заедно со Мајски уште од 1941 год. Соработувајќи со него тие и понатаму придонесувале за одржување и проширување на НОД во Дебарца. Тоа што Јулски барал да работат исклучиво во партиските организации и комитети тие не го прифаќале како единствено правилно. На ваквото инсистирање на Јулски поединци одговарале дека се подготвени да работат и во партиските комитети, но во исто време да продолжат да ги исполнуваат задачите шти им ги поставил Мајски.

За тогашните сфаќања на секретарот на Околискиот комитет на КПМ, А.Крстески-Јулски, тоа било погрешно. Во неговите писма, извештаи и други материјали до повисоките раководители и тела тој го обвинил Петре Пирузе-Мајски дека ги ангажирал членовите на Партијата во Дебарца за исполнување на повеќе задачи од воен делокруг и барал Мајски да најде други луѓе за тоа, а членовите на реонските комитети и другите партиски активисти да ги остави на располагање само на Околискиот и реонските комитети на КПМ. Присутни се и други обвинувања и карактеристики за Мајски. Нему му се припишувало дека и понатаму бил премногу врзан за базата, дека е ограничена комуникативноста со масите, дека на Партиската организација гледал "малку ниско" и.т.н.[33] Секако дека припишувањето на сите овие грешки на Петре Пирузе-Мајски од страна на секретарот на Околискиот комитет на КПМ Александар Крстевски-Јулски кој одговарал за партиската работа, биле во функција да се префрли дел од вината за ограничениот успех при поврзувањето на партиското членство и активирањето на партиските реонските комитети и на Петре Пирузе Мајски, иако тој бил задолжен по воена линија.

Од средината на март 1944 год. објективните услови за поактивна работа на членот на ГШ Петре Пирузе Мајски биле многу поповолни од претходниот период. Борците од одредот "Јане Сандански" закрепнале, се вратиле двете негови групи и борци од Гостиварско и Кичевско, неговите групи и патроли по селата во Дебарца биле се почести, контактите со населнието биле секојдневни. Во базата на Караорман почнале да пристигнуваат побројни групи борци од Охрид, Струга, од се-

---

[33] Исто, ар. бр. 5055, 5058.

лата на поширокиот регион.[34] Во документите од тој период се истакнува подготвеноста на Мајски да прими борци и од други краеви на Македонија.

Ваквата активност продолжила се до враќањето на Бригадата во Дебарца. Во сите села низ кои поминувале баталјоните, населението им пружало сестрана помош на борците. Собирало храна, облека и учествувало во саботажите и диверзиите за онеспособување на комуникациите за да не може да ги искористи непријателот. Кон единиците се приклучиле и нови борци. Само од с. Лактиње на 30 април 1944 год. на Бригадата се приклучила реонската чета од 40 луѓе.[35] Борците од одредот "Јане Сандански" влегле во редовите на спомenатите единици на НОВМ. Набрзо по враќањето ноќта на 9 мај 1944 год. на аеродромот на Славеј била пуштена, од сојузнички авиони, првата пратка од оружје и муниција.

Неспорна е големата улога на Петре Пирузе-Мајски во подготвувањето на населението во Дебарца, Малесија и Дримкол за ваквото организирано пречекување на баталјоните од Македонско-косовската ударна бригада и повторно воспоставување на слободната територија во овој дел од Македонија.

---

[34] Благој Војдан, Улогата на партизанските патроли на Охридското подрачје, зборник, Охридско-Струшко во НОВ.., кн. втора, цит., 226-227; Ристо Петаноски, Ристо Групче, Врските и каналите на Охридската партиска организација во периодот пред и за време на НОВ, зборник, Охридско-Струшко во НОВ..., кн. прва, цит., 255-257.

[35] АМ, Стојан Глоговац, Дневник од 15.IX 1943 до 4.VII 1944, ин. бр. 907.